**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 25 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Аднан Ќахил. Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Каме Петров, Владо Илиевски, Иван Стоилковиќ, Славица Станковска и Гзим Острени ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски да му се обрати на Собранието.

Повелете претседателе.

БОРИС ТРАЈКОВСКИ:

Почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитуван потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитувани министри, почитувани пратеници,

Ја користам оваа денешна прилика, согласно членот 85 на Уставот на Република Македонија, да ви се обратам по повод мојата неодамнешна одлука за ослободување од кривично гонење на актуелниот директор на Агенцијата за разузнавање Доста Димовска, а во врска со поднесениот обвинителен предлог против неа и уште едно службено лице на Министерството за внатрешни работи.

Во моето излагање би сакал да се задржам пред се на актуелниот политички и правен контекст, како и на главните мотиви што влијаеја да ја донесам погоре споменатата одлука за помилување.

По извршените правни консултации со широк круг на експерти, професори и практичари се покажа дека во обвинителниот предлог против директорот на Агенцијата за Разузнавање недостасуваат клучните докази за нејзината евентуална одговорност. Имено, во текот на постапката не беа понудени аргументи и факти врз кои ќе се потпира основаното сомнение дека тогашниот министер за внатрешни работи го наредил прислушувањето на лицата наброени во обвинителниот предлог. Во такви рамки, со сета своја основаност и рационалност, се појавија индиции дека всушност во понатамошниот тек на процедурата ќе биде реална можноста од компромитирање и елиминирање на компетентен раководител на клучна безбедносна установа, со цел ставање на целиот безбедносен систем под контрола на еден центар на политичка моќ. Значи, еден од главните мотиви ми беше да го зачувам интегритетот на институцијата Агенцијата за разузнавање како безбедносна институција од највисок ранг и интерес за државата, од нејзината можна и би рекол сосема реална инструментализација за политички цели. Обиди за ставање под контрола на Агенцијата за разузнавање на еден ист политички центар постоеја и во минатото. Инаку, согласно постојниот законски модел, Агенцијата е посебен орган со функции комплементарни на МВР и на другите безбедносни институции, а не нивен приврзок или инструмент на еден единствен политички центар кој во такви околности буквално би можел да воспостави монопол на информациите од чувствителен карактер и да го деформира овој исклучително важен сегмент на државата.

Почитувани пратеници,

Сакам сосема накусо да набележам неколку дополнителни мотиви за одлуката за аболиција, со цел да ги заокружам политичките и правните мотиви на таквото мое размислување. Во врска со аферата од 2001-та година заслужува да биде спомнат одговорот што Министерството за внатрешни работи во март оваа година го достави до Комисијата за заштита на човековите права на Собранието на Република Македонија - дека не располага со какви било докази и документи за тој предмет, што самото по себе е доволен индикатор за недоволната правна втемеленост на обвинителниот предлог против директорката на Агенцијата за разузнавање. Поради овие причини, бев уверен дека во евентуалната кривична

постапка нужно ќе доминираше неправната аргументација и принципите на селективност, пристрасност и прејудицирање на вината на лицата кои беа во прашање.

Исто така, факт е дека споменатата афера за прислушување од јануари 2001 година, колку и да беше спектакуларно најавувана од одделни политички субјекти и пропагирана во јавноста, сепак не беше ниту првата ниту единствената афера од таков тип. Во независна Македонија, во изминативе десетина години имаше неколку такви случаи, и иако некои од нив, како на пример онаа од 1999 година, беа уредно документирани и доставени до јавното обвинителство на Република Македонија, и ден денес стојат во архивите без да има какво било формално произнесување од страна на тој орган за нивната содржина и понудените докази . Во истиот контекст може да се протолкува и неодамнешната изјава на актуелниот министер за внатрешни работи за тоа дека недостасува документацијата за случаите на прислушување во периодот од 1994 до 1998 година, за што се најавени кривични пријави против сторителите.

Се додека не се етаблира нова и јасна уставна и законска рамка поврзана со промената на уставниот член 17, се дотогаш, генерално над Министерството за внатрешни работи, над министрите, па дури и над премиерите, ќе стои сомнението дека го прават тоа за што нема никаква уставна и законска основа. Меѓутоа, таквата ситуација сигурно не може да се надмине со политички насочени и мотивирани кампањи туку само со промена на споменатиот член од Уставот на Република Македонија и донесување на соодветен закон во согласност со европските принципи и начела.

Сосема логичен заклучок на претходно изнесените аргументи и констатации е дека во позадината на обвинителниот предлог стоеја политички, а не правни аргументи, што можеа во крајна инстанца да го поткопаат кредибилитетот и да го дезавуираат и деконспирираат безбедносниот систем, со што ќе беше нанесена непоправлива штета врз неговите витални функции и подготвеноста да ја заштити државата, во целина.

Почитувани пратеници,

Во делот на правната заснованост на мојата Одлука, во моето денешно излагање сакам да спомнам неколку нотoрни правни аксиоми кои сигурен сум дека им се добро познати и на јавните критикувачи на мојата Одлука. Но тие, од за мене непознати причини, кои сепак можат да се насетат, не сакаа тоа да го препознаат и да им го објаснат на граѓаните и на јавноста, затоа што наместо за правото и

правдата зборуваа со јазикот на дневната политика. Иако требаше да помине извесен период додека јавно не се призна апсурдноста на форсираната теза за наводната нелегалност на одлуката на Претседателот, сепак некои квази-експертски толкувања заслужуваат јавен одговор во оваа прилика.

Имено, откако беше признаено дека Претседателот имал право да ја донесе таа одлука, беше побарано тој да ги образложи државниот интерес и околностите поврзани со обвинетиот или делото, па дури се имплицираа и коруптивни мотиви зад таквиот став и решение. Сакам да потсетам дека ниту според Уставот, ниту според Законот за помилување или некој друг закон, некому му е дадено правото да го повикува Претседателот да ги докаже своите мотиви и уверувања при случаите на помилување. Ако не е повреден при тоа Уставот или прекршен законот, а за такво нешто овде не станува збор. Претседателот на Републиката е овластен со закон да помилува во редовна процедура, но и според исклучокот на членот 11 од Законот за помилување, а притоа да нема обврска да го оправдува или дополнително да го образложува тој чин. Слична правна аргументација може да се понуди и кон барањето слушнато во јавноста, еднаш дадената аболицијата да се повлече, што претставува голем правен, но истовремено и логичен апсурд. Не само затоа што таква можност не е никаде пропишана, туку затоа што, пред се, е спротивна на самата суштина на институтот аболиција.

Ако донекаде и можам да ги разберам, се разбира не и да ги прифатам размислувањата на оние кои што од политичко - партиски потреби предлагаат ваков пристап, апсолутно не можам да го оправдам досегашното непостапување до ден денешен, сакам македонската јавност да знае дека надлежниот судија, кој и три недели по потпишаната одлука за аболиција се уште размислува дали да ја почитува и да ја спроведе сосема законитата одлука на претседателот на државата, веројатно чекајќи дополнителни политички инструкции од своите партиски ментори, иако и за правните лаици е познато дека судот треба итно да постапи по одлуката или решението на Претседателот.

Во ваква атмосфера, во која тешко пробиваат разумните ставови и мислења, веројатно е невозможно да се учествува во толерантна расправа, но, според мене, нужно е да се акцентира дека иницијативата на Владата за бришење на членот 11 од Законот за помилување претставува класичен обид да се редуцираат овластувањата на шефот на државата, без притоа да постои елементарна аргументација за таквата постапка.

Со жалење морам да констатирам дека намерното превидување на овие многу јасни правни правила и логика од страна на некои политички и експертски кругови во земјата, а наместо тоа, создавање атмосфера во која не е можно да бидат слушнати аргументите на другата страна, освен очигледната партиско - политичка манипулација. Ваквата кампања и методите што се користат, како и тајмингот, укажуваат на политички реваншизам, во кој интересите на одредена политичка опција имаат приоритет над сите други во државата.

Ваквите состојби укажуваат на постоење на една подлабока политичка и морална криза за чие надминување, меѓу другото, ќе биде потребно градење на повисока правна и политичка култура и демократски кодекс на однесување, втемелен во етичките норми и принципи.

Почитувани пратеници,

На крајот, неколку зборови на оценка и за личноста на директорот на Агенцијата за разузнување, што беше неопходниот елемент за заокружување на контекстот во кој јас како претседател на Република Македонија ја донесов одлуката за примена на институтот аболиција. Имено, севкупниот политички ангажман на Доста Димовска јасно покажува дека таа мошне одговорно и совесно ги извршуваше обврските на сите јавни функции на кои што се наоѓаше во изминативе години, вклучувајќи ја и актуелната - директорка на Агенцијата за разузнавање. Таа беше шеф на владиното Координативно тело за време на конфликтот во Република Македонија во 2001 година, кога поминувавме низ сигурно најтежок период од нашата понова историја. Пред две години, како потпретседател на Владата на Република Македонија, таа цврсто застана на позицијата кризата да се решава по мирен пат и со политички средства и силно го поддржа Мировниот план, а потоа и имплементацијата на Рамковниот договор.

А, за вас, годподине премиер е многу познат нејзиниот придонес и конструктивност во одржувањето на фер и правични парламентарни избори во 2002 година. Во последнава година, од позиција на директорка на Агенцијата за разузнавање, успеа да ја консолидира таа служба на квалитетен начин, за што се сведоци корисниците на информациите на Агенцијата за разузнавање во државниот врв, кои често пати на нашите работни состаноци искажуваа задоволство од нејзиниот ангажман. Таа, тргнувајќи од добиените квалитетни сознанија и нивната правилна проценка, во голема мера придонесе државните органи да имаат јасна слика за политичко- безбедносната ситуација во земјата и во регионот и да изградат

правилен став и политичка позиција и во врска со ирачката криза, имајќи ги во предвид националните и државните интереси на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Морам со жалење да констатирам дека по донесувањето на одлуката за аболиција беше покрената и се уште се води диригирана медиумска кампања водена од еден партиско-политички центар, јасно препознатлив во јавноста, со крајна цел да се изврши политички притисок врз секојдневното извршување на моите уставни и законски овластувања и надлежности, но и да се дисквалификува интегритетот и кредибилитетот на самата институција Претседател на Република Македонија. Притоа беа употребувани крајно недолични и понижувачки квалификации со кои се напаѓаше моето лично достоинство и достоинството на моето семејство, но во исто време се нанесуваше штета и врз угледот на државата. Независно од мотивите на сите оние кои се вклучија во оваа непримерна кампања, таа без сомнение ја загрози демократијата во земјата, потполно ја блокира редовната комуникација меѓу институциите на системот и ја предизвика меѓународната заедница да се посомнева во демократскиот потенцијал и меѓународниот кредибилитет на Република Македонија, што сигурно ќе наштети на долгорочните интереси на земјата. За жал, изгледа дека ова рушење на авторитетот на институциите на системот некому му одговараше.

Длабоко сум убеден дека сето ова, во крајна линија ги повреди и чувствата и интересите на самите граѓани, кај кои уште повеќе се зацврсти уверувањето дека носителите на највисоките јавни функции во земјата и понатаму, за жал се занимаваат самите со себеси и со политичката власт како своја прва и последна цел, притоа целосно заборавајќи на тешките искушенија на времето во кое живееме, прашањето по безбедноста и сигурноста и стабилноста на оваа држава, прашањето на нејзиниот територијален суверенитет и интегритет, прашањето за спроведувањето на Рамковниот договор и сето она што претставува обележје на времето во кое ние живееме и навистина длабоките економски и социјални проблеми кои стојат пред нас за решавање. Со тоа, за жал, се одвлече вниманието на јавноста скоро три недели од сериозните проблеми со кои се соочуваат самите граѓани, се поголемата сиромаштија, неможноста на голем дел од граѓаните да обезбедат средства за најосновна егзистенција, високата невработеност, безизлезност, бесперспективноста на голем број млади кои подолго време бараат работа, а за кои токму сите ние присутни во овој дом, во оваа сала сме избрани од народот да ги решаваме тие проблеми.

Како и секогаш досега кога донесував важни одлуки и овој пат се водев од долгорочните државни интереси на Република Македонија. Да го споменам само политичкиот процес, да се присетите сите вие кој бевте учесници или не, во политичкиот процес, кој се водеше под мое покровителство, се водеше за надминување на кризата и резултираше со Рамковниот документ кој денес е платформа и на оваа Влада и на овој Парламент и многумина од вас и владината програма ја засновувате на ова, но со скептицизам гледате на моите одлуки и на мојот начин на размислување. Или, последните настани поврзани со воената интервенција врз Ирак, кога бевме сведоци дека и најголемите противници на нашето учество во меѓународната коалиција решително гласаа за позицијата која јас ја бранев од самиот почеток и тоа некаде уште од декември.

Сосема на крајот сакам да им порачам на сите граѓани на Република Македонија и на сите политички опции дека како што покажав многу пати до сега и во минатото, немам намера да подлегнам на никакви притисоци и уцени, независно од која партиска или политичка опција тие доаѓаат и која им е крајната цел. А мојата цел е стабилноста, просперитетот, економскиот развој и евроатлантската иднина на Република Македонија. Се разбира, од тој пат нема никогаш да отстапам.

Ви благодарам.

(Аплауз)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на Претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Дами и господа пратеници, дозволете ми од мое и од ваше име на православните христијани во Република Македонија да ми го честитам претстојниот Велигденски празник, а истовремено на сите граѓани на Република Македонија им го честитам 1-ви Мај и првомајските празници.

Со ова ја заклучувам Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,35 часот)